# УПАТСТВО
## за постапката и потребните документи за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд

Кон барањето за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд, се доставуваат следниве **општи документи**, потребни за секој од основите за доделување на средства.

Општи документи се :

- **Пополнет образец** за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд (образецот го издава Агенцијата);
- **Решение** или **Пријава до Државниот инспекторат за труд за отпочнување со вршење на дејност** како доказ дека работните и помошните простории и опремата ги исполнуваат минимално-техничките услови и пропишаните мерки, нормативи и стандарди за вршење на соодветната дејност;
- **Информација за економско-финансиската состојба на субјектот** издадена од Централниот регистар на Република Македонија;
- **Информација дека против работодавачот не е отворена постапка за стечај** издадена од Централниот регистар на Република Македонија;
- **Потврда** од Заедницата дека инвалидното лице самостојно врши дејност како трговец поединец, потврда дека работодавачот вработува инвалидно лице или потврда дека фирмата работи како заштитно друштво издадена за месецот пред поднесувањето на барањето;
- **Месечна пресметка за исплатената плата** со пресметаните и уплатени придонеси од плата за здравствено осигурување и вработување за последните 9 месеци пред поднесувањето на барањето - декларација за прием;
- **Изводи од банка** за последните 9 месеци пред поднесувањето на барањето на денот на исплатата на платата односно уплатата на придонесите за здравствено осигурување и вработување.

**Напомена:** Адресата на која работодавачот ја врши дејноста треба да се совпаѓа со адресата во Решението за исполнување на мерките, нормативите и стандардите за заштита при работа од Државниот инспекторат за труд.

При приемот на барањето со потребните документи да се провери исплатената плата на работниците за работа со полно работно време да не е пониска од минимална плата утврдена со закон.

1. Кон **барањето** за доделување на средствата од Посебниот фонд **за вработување на инвалидни лица** покрај општите документи, задолжително е да се достават и следниве документи:

- **список на инвалидни лица** за кои се бара доделување на неповратни средства со презиме, име и единствен матичен број на граѓанинот;

- **документ за завршено** образование на инвалидното лице, или уверение за работна оспособеност;
- **фотокопија на М1/М2** за лицата за кои се бара средства;
- **решение** од меѓуопштинскиот центар за социјална работа за видот и степенот на физичката или интелектуалната попреченост, односно Решение и Наод, оцена и мислење од комисијата на Фондот на ПИОМ.
- **Наод и мислење** од Комисијата на Министерството за труд и социјална политика за определување на работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место.

**Напомена**

При давање мислење за тоа дали инвалидните лица го исполнуваат условот за доделување средства од Посебниот фонд за вработување во **образецот мислење** задолжително:

- врз основа на податоците од постојната евиденција на Агенцијата за вработување, податоците за вработените лица добиени од фирмата- барател известувањето од Заедницата на заштитните друштва на Македонија дека барателот поседува потребна документација дека самостојно врши дејност како трговец поединец, дека е заштитно друштво и дека за вработените инвалидни лица има документ за утврдена инвалидност, задолжително треба да се даде децидно мислење за тоа дали правниот субјект го намалил бројот на вработени инвалидни лица или извршил замена до денот на поднесување на барањето.
- доколку правниот субјект го намалил бројот на вработените инвалидни лица, задолжително да се наведе причината за намалувањето;
- врз основа на претходното, за секое инвалидно лице задолжително да се даде мислење дали ги исполнува условите за доделување средства од Посебниот фонд.

**Право на поднесување на барање по овој основ** има секое инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец, заштитно друштво и друго правно лице кое вработува инвалидно лице.

2. Кон **барањето** за доделување на средствата од Посебниот фонд **за адаптација на работно место** покрај општите документи, задолжително е да се доставаат и следниве документи:

- **список** на вработени инвалидни лица на неопределено време за кои ќе се врши адаптација на работното место со име и презиме, број на документот за утврдената инвалидност и единствен матичен број на граѓанинот;
- **документација** со опис на тоа што ќе се адаптира и начинот на кој ќе се адаптира, со придружна техничка документација и

- **пресметка** на потребните финансиски средства, спецификација и рок за извршување на адаптацијата на работното место.

**Право на поднесување на барање по овој основ** има секое инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец, заштитно друштво и друго правно лице кое вработува инвалидно лице.

3. Кон **барањето** за доделување на средства од Посебниот фонд за **набавка на опрема,** покрај општите документи задолжително е да се доставaт и следниве документи:

- **извод од банка** за платена опрема и **фактура во оригинал** (доколку е од странство, да биде преведена од овластен преведувач).
- **декларации и други документи** доколку опремата е набавена од странство.
- **опис на техничките карактеристики** на опремата што е набавена во која треба да е содржан и серискиот број на опремата.
- **Работодавачот доставува документ (Наод и мислење** од Комисијата на Министерството за труд и социјална политика за определување на работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место) дека набавената опрема е во функција на работните задачи кои ги извршува инвалидно лице на работно место согласно наодот издаден од Комисијата.
- **скица** на просторот каде е сместена набавената опрема.
- **доказ** за сопственост (имотен лист) на просторот каде е сместена опремата или Договор за закуп на деловниот простор.

**Право на поднесување на барање по овој основ** има секое инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец и заштитно друштво.

Подносителот на барањето копија од сите документи заедно со барањето (претходно заверено од Центарот за вработување) по сите основи потребно е да достави и до Заедницата на заштитни друштва на Македонија.

Доколку барателот на средства изврши било какви измени во врска со поднесеното барање, потребно е дополнителни документи да достави и до Заедницата на заштитни друштва на Македонија.

Кога еден правен субјект бара средства од Посебниот фонд по повеќе основи истовремено (вработување, адаптација на работно место и набавка на опрема) во тој случај задолжително се доставува Предмет (Барање) за секој од наведените основи посебно (се користат постоечките обрасци од АВРМ).

При приемот на копиите од сите претходни документи, задолжително да се изврши увид во оригинал - документи.

**НАПОМЕНА:** Ова Упатство и Обрасците кон него, се на Агенцијата за вработување на Република Македонија.